Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 98, 15 март 2013 година

март 2013 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област историја на Македонија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти - ударни (џез тапани) на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 16

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Менаџмент на мал и среден бизнис“ (скрипта) од авторите д-р Елизабета Митрева и м-р Оливер Филипоски од Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 42

**ОДЛУКА** за одземање на диплома за завршен втор циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 45

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата .......... 46

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

Врз основа на член 52 од Законот за високото образование („Сл. весник на Р. Македонија“ бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13 и 24/13) и член 217 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 9/2009), Ректорската управа на 85. седница одржана на 11.3.2013 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за одземање на диплома за завршен втор циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип**

**Член 1**

Се дава согласност на Предлог-одлуката бр.1802-107/3 од 22.2.2013 година, донесена од Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет, за спроведување на постапка за одземање на диплома за завршен втор циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Член 2**

На **Миланче Младенов**, дипломиран технички инженер, му се одзема дипломата за завршен втор циклус на студии на Катедрата за преработка и контрола на земјоделски производи, студиска програма Контрола и преработка на анимални производи, во рамките на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, со што **го губи научниот назив магистер по земјоделски науки – преработка и контрола на земјоделски производи**.

**Член 3**

Составен дел на Одлуката е Предлог-одлуката од член 1 на оваа Одлука.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**
**Ректор,**
**проф. д-р Саша Митрев, с.р.**